# POLITICAL PARTIES AS A FACTOR IN THE POSTMODERNISM

**Emil Dimitriev**
University ''St. Cyril and Methodius, Philosophical Faculty – Institute of Sociology'' Skopje, Republic of North Macedonia, emil.dimitriev@yahoo.com

**Abstract**: The evolution of political thought during the period of post-industrial society raises a number of discussions about the projection in which policy will move as activity and science. No matter what it has long shown features that profile its '' timelessness''. Strongly based in Aristotle definition of man as a social being, upgraded with new worldviews initiated along an evolutionary or revolutionary path, it creates symbiosis with human survival. However, as in other areas and in politics, futuristic views form a diapasone of different views,on whose ultimate edges are the positions that are on the line of claim that the policy profile will survive for a long time in the form which the world knows. And the other extreme standpoint which in its essence has the change and proclaimed "the era" of the end of ideologies, as one of the main features of politics. Numerous projections for the evolution of politics have been positioned between these two extremes, which have created some differences between themselves. In this context, political parties as one of the main elements of politics are subject to the interest of political and sociological science, in which direction their evolution will go. Given that the parties are a major factor in operationalizing politics, their profile becomes a determinant of future political activities. Globalization as an irreversible process strongly affects the transformation of political communities, forcing the model of interculturalism on global and multiculturalism on regional and local level.

Special interest for analysis is the profile of political parties in post-communist countries, in multiethnic environments, in countries integrated or not into international organizations. On national level, the profile of political parties in Macedonia is a special example of maintaining a gap between declared and real politics. As far as the independence of our country and the legal normative arrangement of our community we have declared a civil and multiethnic society. A society that in the terms of liberal democracy would create the Macedonian model of multiethnic pluralism, in response to the old single-mindness that failed to form a demos in full splendour but maintained ethnos in full capacity. The paradox of modern Macedonian society consists of the fact that all political parties, especially parliamentary, accept the civil, ie the multiethnic character of the country, and even after three decades of democracy, still dominate parties built on ethnic basis. Even part of the parties are politically limited to geographical part of the country. This placement of the parties complemented with frequent nationalist rhetoric is the major factor that affects destructively to the social cohesion and the building of the multicultural society based of equal opportunities.

**Keywords :** politics, state, political parties, ideology.

# ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ КАКО ФАКТОР ВО ПОСТМОДЕРНИЗМОТ

**Емил Димитриев**
Универзитет ''Св. Кирил и Методиј, Филозофски Факултет – Институт за Социологија'' Скопје, Република Северна Македонија, emil.dimitriev@yahoo.com

**Резиме:** Еволуцијата на политичката мисла во периодот на постиндустриското општество, покренува мноштво дискусии околу проекцијата во кој правец ќе се движи политиката како дејност и наука. Без разлика што таа долго време покажува карактеристики кои ја профилираат нејзината ''безвременост''. Цврсто втемелена во Аристотеловата дефиниција за човекот како социјално суштество, надградувана со новите светогледи иницирани по еволутивен или револутивен пат, ја креира симбиозата со опстојот на човекот. Меѓутоа како и во останатите области така и во политиката, футуристичките погледи формираат дијапазон на различни ставови, на чии крајни ивици се наоѓаат позициите кои се на линија на тврдењето дека профилот на политиката ќе опстои уште долго време во форма каква ја познава светот. До другото крајно стојалиште кое во својата есенција ја има промената и ја прокламираше ''ерата'' на крајот на идеологиите, како една од главните карактеристики на политиката. Помеѓу овие два екстреми се позиционираа бројни проекции за еволуцијата на политиката, кои креираа извесни разлики помеѓу нив самите. Во тој контекст политичките партии како еден од главните елементи на политиката, се предмет на интерес на политичката и социолошката наука, во која насока ќе оди нивната еволуција. Со оглед дека партиите се главен фактор на операционализација на политиката, нивниот профил станува детерминанта на идните политички активности.

Глобализацијата како нереверзибилен процес силно влијае на трансформација на политичките заедници, форсирајќи го моделот на интеркултурализамот на глобално и мултикултурализмот на регионално и локално ниво.
Посебен интерес за анализа е профилот на политичките партии во посткомунистичките земји, во мултиетничките средини, во земји интегрирани или не во меѓународните организации. Сведено на национално ниво, профилот на политичките партии во Македонија претставува посебен пример за одржување јаз помеѓу декларираното и реалполитиката. Уште со осамостојувањето на нашата земја и правно нормативно уредување на нашата заедница декларирaвме граѓанско и мултиетничко општество. Општество кое во услови на либерална демократија ќе го креираше македонскиот модел на мултиетнички плурализам, како одговор на старото едноумие кое не успеа да формира демос во полн сјај туку го одржуваше етносот во полн капацитет. Парадоксот на современото македонско општество се состои во тоа што речиси сите политички партии, посебно парламентарните, го прифаќаат граѓанскиот т.е мултиетничкиот карактер на државата, но и после три декади демократија, сеуште доминираат партии градени на етничка основа. Дури дел од партиите се со политички фокус географски ограничен на дел од земјата. Ваквата поставеност на партиите надополнето со честа националистичка реторика е главен фактор кој влијае деструктивно на општествената кохезија и градењето на мултикултурно општество базирано на мерит систем т.е систем на еднакви можности.
**Клучни зборови :** политика, држава, политички партии, идеологија.

## 1. ВОВЕД

Човекот во минатото, денес надграден во општествено политичка смисла како граѓанин, низ процесот на еволуција ја менувал сознајноста за себе и својата социјална и општествена улога. Социјалната димензија најчесто ја докажува преку здружувањето во име на некоја цел. Здружувањето, начинот на организациска поставеност и функционирање, принципите на дефинирање и реализација на целите, претставува еден сложен систем, длабоко детерминиран од еволуцијата. Појавата на политичките партии како современ облик на политичко здружување не била имуна на општествените промени. Често биле авангарда на промените, иако во исто време биле условени од истите. Да се следи еволутивниот пат на политичките партии е предизвик за науката особено за социологијата и политичките науки.

Цел на овој труд е преку споредба на периодот од настанок на партиите до денес да се воочат константите и променливите кај оваа важна општествена појава. Пристапот како ќе биде направена компарацијата е преку воопштена слика за настанокот и видот на политичките партии да се дојде до денешниот профил, со нагласка на нашиот македонски модел на политички партии со сите нивни специфики.

Подолг период нашето општество на политички план функционира со висока општествено - политичка динамика која оддржува тензичност континуирано. Речиси на дневна основа се креираат афери и скандали кои прогресираат до прашањата кои се на ниво на геостратегија. Секој ден со нова тема, се отворат и затварат прашања битни за заедницата. Јавната сцена наречен македонска политика го анимира општеството во целост во обем нетипичен за современи демократии. Што стои зад појавата, што го детерминира овој политички производ, дали едно од тие нешта се вредностите на кои почива нашата политичка активност ? Како и во подводниот свет така и во овој случај, колку подлабоко одиме толку сликата ќе биде покомплексна. Но немаме избор, мора сериозно да се запрашаме каде грешиме, кои се лошите инпути за да имаме ваков лош аутпут во политиката. Една од темите кои можеби ќе осветли дел од дилемата е дали имаме погрешни вредности во политиката, кои не доведуваат во ситуација ‘’во погрешен правец сите станици се погрешни’’. Општество е максимално исполитизирано, со невообичаен висок интерес за политика. Од друга страна пак бројот на луѓе кои политиката ја опишуваат се негативен термин исто така е огромен. Вкрстени двете појави даваат дискутабилен индикатор, како стоиме на овој план и отвара дополнителен простор за анализа. Просторот во овој труд дозволува главно да се пишува за дискрепанцата помеѓу концептот граѓанско општество и профилот на партиите и помал дел за идеолошката неконзистетност.

## 2. НАСТАНОК, ФУНКЦИИ И ВИДОВИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Во теоријата постои конзензус дека партиите настанале кон крајот на 18 и за време на 19 век, а како катализатор на појавата се смета појавата на правото на глас. Со стекнување на ова право на еден начин се удират темелите на претставничката демократија. Развојот на општеството диференцира посебност на јавниот и политичкиот живот, слобода на здружување и изразување. Ова се надградува со развојот на парламентаризмот како институционална форма на претставничката демократија. Современите политички кризи и конфликти дополнително го ‘’глазираат’’ настанувањето и оформувањето на политичките партии.

Најприфатен пристап во одредувањето на поимот политичка партија е врз основа на етмологијата на латинскиот збор ‘’pars’’ што означува ‘’дел’’, или глаголот ‘’partire’’ што означува ‘’дели’’ или ‘’разделува’’. Социолошката суштина на ова одредување е во објаснувањето дека на партијата треба да се гледа на дел од еден општествено политички контекст. Профилот на партијата без разлика што таа претставува дел од некоја целина е многу сличен со целината задржувајќи сегменти кои ја дефинираат нивната посебност. Дури и во рамките на партиите се појавуваат фракции како дополнително диференцирање на одредени разлики. Современата диференцијација помеѓу партиите базира на развојот на политичката идеологија. Теоритичарите одредувањето на поимот на партијата тесно го поврзуваат со идеологијата. Со разгранета организација на локално, регионално или национално ниво, овие организации мобилизираат подржувачи како активни членови или подржувачи т.е симпатизери. Тие на еден начин се посрединици помеѓу граѓаните и политичкиот живот во општеството.

Главна мисија на партиите е освојување на власта и реализација на сопствените програмски определби кои ги подразбираат интересите и заложбите на членовите. Можат да се најдат ретки примери кај што партиите никогаш не практикувале власт, меѓудругото и поради што нема интерес за практикување власт, но главно обележје на партиите сепак е желбата да практикуваат власт. Практикувањето на власт подразбира придобивање на јавната поддршка што ја открива следната карактеристика на партиите како изборна машина. Партиите се основаат т.е регистрират согласно законска процедура чија цел е профилот на партијата да биде во корелација со општествените вредности. Во тој контекст многу важен елемент за партиите е нивната легалност, и легалноста на нивното делување и цели.

Согласно ова кај партиите постојат внатрепартиски активности и надворешно партиски активности. Внатрешно патиските активности во суштина се во насока на подготовка на партијата за ‘’големата сцена’’. Тие можат да бидат на персонален план во екипирање на структурата, од најмалите форми на организирање до највисоките партиски органи. Или на програмски план, преку изготвување планови и програми за настап во кампањи и слични активности на локално, регионално или национално ниво. Често партиите во функција на подигање на сопствените капацитети организираат разни обуки за членовите или партиските структури. Во надворешно партиските активности се вбројуваат изборните кампањи, меѓународната комуникација на партијата, регрутирање на нови членови и подржувачи и сл. Најчесто партиите се поврзуваат во коалиции на национално ниво и тоа е важна надворешно партиска активност. Денес париите се интегрирани на глобално ниво, обично со сестрински партии кои споделуваат иста идеологија. Таа интеграција најдобро функционира во Европскиот парламент каде што пратеници од различни партии на национално ниво се групираат во иста парламентарна група согласно сопствената идеологија. Со ова улогата и функцијата на партијата добива една глобална димензија т.е ги надминува националните граници и креира политики важни за глобалната заедница.

Општа класификација на партиите е на масовни и кадровски. Во овој случај критериум е бројот т.е масовноста на членството кое асоцира карактеристики како што се програма, фокус на интересовни групи и сл. Масовните партии покриваат поширок опсег на интереси за општествено политичкиот живот, додека кадровските се специјализираат за интереси на нивното членство. Типологизацијата според Морис Диверже е по основ на 7 критериуми, кои покриваат најголемиот простор од поимот политичка партија. Прв критериум е структура на членство или избирачи тој ги дели партиите на “Фати се партија” со најлабав критериум кој се е член. Понатака класно засновани партии чиј главен фокус е интересот на класата која ја сочинува партијата. И последна по овој критериум е интересовно здружување на база на определени интереси. По основ на критериум од кое социјално потекло доминантно е сочинето членството диференцира три вида партии на работници, земјоделци и мали бизнисмени. Од аспект на организациската структура се профилираат партија на големци, кадровска партија, масовна партија, картел партија и членска партија. Целите на партијата како критериум диференциираат три типови, партија за добивање на гласови, партија за стекнување функции и партии за остварување програми. Во зависност од идеолошката профилација се дефинира спектар кој на своите краеви ги има екстремната десница и комунизмот, во насока кон центарот се конзервативната и социјалистичката партија од другата страна, веднаш до нив се демохристијанската и социјалдемократската, во централната позиција ги позиционира зелените и либералните партии.

## 3. СОВРЕМЕНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО МАКЕДОНИЈА

Како и со многу други предизвици и решенија со кои сме се соочиле и се соочуваме, така и на планот на профилирање на политичките партии во Македонија, ја градиме нашата посебност. Периодот на плурална демократија зад нас детерминира сериозна дискусија, какви политички партии имаме од аспект на идеологија, внатрепартиска демократија, структура на членство, поддржувачи итн. Ако за почетоците на плурализмот беа разбирливи одредени импровизации дома, за разлика од искуството како функционираат

политичките партии во Европа и светот. Денес просторот за толеранција на тие импровизации треба да се сведе на минимум, а најдобро е воопшто да го нема. Заедничка цел е да се фати чекор со тенденциите на овој план во поразвиените земји, иако и таму има доста отворени прашања на оваа тема. Процесот на распаѓање на бившата комунистичка држава, стимулираше процес на создавање на етнички политички партии. За разлика од претходната комунистичка партија која беше единствена, но од аспект на структура на членови мултиетничка. Многу малку се зборува колку беше граѓанско комунистичкото општество, иако по многу критериуми било по граѓанско од денешново македонско општество.

Иако сите релевантни политички партии во своите акти сметаа на сите граѓани и декларираа одредена идеолошка ориентација, во реалноста е забележлива разлика од аспект на програма, структура на членство и симпатизери и др. Дел од партиите беа со мултиетнички состав, дел со состав од еден народ. Намерно не се користи терминот еднонационални, зошто овде под поим нација се мисли на севкупност како збир на сите народи кои живеат во државата. Слично е и на планот на идеолошката профилираност, наспроти декларираната позиционираност во политичкиот спектар, во пракса многу политики излегуваат од класичната идеолошка матрица. Ангажманот на сестринските партии од ЕУ во профилирањето е за респект, но сепак има уште многу да се "исклеса" како би се приближиле до нивните стандарди. Посебно во период кога партиите ја практикуваат власта, се забележуваат тие ''девијации'' и хибридни политики. Но не мора да се анализираат само како власт, доволно е да се анализираат нивните програми преку наједноставниот метод на фреквенција на термини и зборови типични за одредена идеологија, веднаш ќе ја воочиме нашата искривена реалност. Реалност која говори за висок степен на мешање на различни идеологиии и политики.

Посебна тема е прашањето што дополнително ќе промени глобализацијата на овој план. Таа влијае со се поголема динамика и отвара големи теми на етаблирани политички системи со неколку вековна традиција, камоли за наши прилики. Денес главниот политички дискурс е градење граѓански општества интегрирани со светот. Во тој случај не се гледа оправданоста од постоење на етнички политички партии. Едноставно, тешко може да креираме мултиетничко и граѓанско општество со еднонародни партии, фокусирани на делови од нашето општество во географска смисла. Перспективата на нашиот политички систем во делот на партиите е во фокусирање на два приоритети кои се комплементарни. Природно и неопходно е да започне процес на окрупнување на политичките партии по идеолошка основа што е најрационално за едно современо мултиетничко општество.

За држава од нешто повеќе од 1.5 милион жители, премногу се шеесетина политички партии. Идеолошкото профилирање на партиите треба да биде согласно најновите тенденции на тој план. Вториот приоритет кој ја следи логиката на еволуција на политичкиот систем е структурно менување на составот на партиите, од аспект на кооптирање мултиетнички состав на членство и подржувачи, кој ја одразува нашата реалност како држава. Науката и емпиријата говорат дека тој процес нема да биде лесен, но ако го реализираме придобивките ќе бидат повеќекратни. Очекувано е непријатели на овој процес да бидат многу мал процент приврзаници на политиката на прекројување на границите, кои во принцип се националисти и можеби одреден број на лидери на партии кои не можат да се откажат од статусот претседател на партија, без разлика колку таа е релевантна. Овој процес би требало како нов фокус на партиите да ги наметне темите за подобар стандард, поквалитетно образование, здравство, интеграции, соживот итн. На следни избори во ваков амбиент нема да мораме да калкулираме математички кој е победник во смисла ако се одземат или додадат нечии гласови. Уникатните филозофии и комбинации од минатото како што е ''коалиција победник со победник'' конечно ќе бидат на буништето на историјата. И ќе не потсетуват дека сме креирале решенија што плуралната демократија воопшто не ги познава. Дополнително позитивно ќе влијае на стабилноста во работењето на институциите посебно собранието и владата, и ќе креира атмосфера за сериозни реформи. Итна и неопходна е замена на етничкиот со мерит пристапот, каде што акцент ќе се стави на индивидуалните компетенции, наместо етничката припадност да се глорифицира како професија и главен критериум за напредување во системот. Таквиот пристап ќе биде во насока на градење вистинско граѓанско, мултиетничко и мултикултурно општество.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Делувањето на партиите во современто општество е специфично од повеќе аспекти, особено што еволуцијата на човештвото посебен фокус посветува на слободата, правдата и солидарноста. Овие вредности битно влијаат на формирањето и делувањето на партите. Особено ако партиите се во позиција да управуваат со општеството т.е со колективните цели на граѓаните. Глобализацијата како нереверзибилен процес дополнително влијае на профилирање на партиите. Формирањето на меѓународни организации како иституционално делување на глобално ниво исто така има свој импакт на општествено политичкиот живот. Партиите во суштина се ''ферментатори'' кои апстракната и замислена идеја и цел ја претвараат во

конкретно делување. Партиите како детерминатни фактори на општествено политичките процеси, во исто време и како инпут на општествениот контекст, се производ на современото време на политички план.

На национален план кога станува збор за профилот на политичките партии имаме сериозни предизвици од повеќе аспекти. Сериозна дилема е дали чисто етнички партии можат да креираат мултиетничко и граѓанско општество. Понатака колку се зрели од аспект на идеолошка и структурна профилација, каква е флуктуацијата на членувањето во партиите, во услови на изразен клиентелизам како вредност во општеството ? Кои се партиските механизми за сузбивање на криминалот и корупцијата на нивните членови, т.е каков е односот на партиите кон овие сериозни зла ? Сите овие прашања и дилеми ги профилираат партиите како фактори кои ја креираат иднината. Модернизација на партиите се смета за услов за постигнување на модерна претставничка демократија. Од друга страна модерната држава се одликува преку диференцирање на државата како политичка институција и граѓанското содружништво како конзумент и креатор на политичките институции.

Балканот во политичко и вредносен аспект важи за простор обременет со премногу разлики, отворени прашања, економски зад останатиот дел од Европа. Иако историски дал сопствен придонес во развојот на европската и светската цивилизација и култура. Сигурно дека лидерството во него бара повеќе визија и вложен труд, за разлика од другиот дел од Европа. Традиционалните конфликти помеѓу малите и големите држави, преку процесот на глобализација се надградуваат со заеднички предизвици. Автономијата на земјите добива нови форми и димензии, со тоа еволуираат и националните приоритети. Светот по кој знае кој пат ни покажа дека е непредвидлив докрај, без разлика на неговите закономерности или циклични движења. Затоа ваквата состојба бара соодветни т.е сериозни лидерства и политички структури кои на најдобар можен начин ќе ја реализират основната карактеристика на партиите, а тоа е артикулација на колективни цели.

**ЛИТЕРАТУРА**

Бузан, Б. (2010). Луѓе, држави и страв. Академски печат.
Бејлис, Џ., Смит, С., & Овенс, П. (2009). Глобализацијата на светската политика. Табернакул.
Валц, Н. К. ( 2008 ). Теорија на меѓународната политика. Магор.
Галевски, М., & Ѓорѓиовска, Ј. (2020). Младинско политичко отсуство : Анализа на позицијата на младите на парламентарните избори 2020. Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија.
Линц Х. Х., & Степан, А. (2009). Проблемите на демократската транзиција и консолидација, Академски печат.
Мирчевска, М., Жупановска, Д., Даниловска, Б. Д., & Наумовска, Н. ( 2022 ). Колку политичките партии во Република Северна Македонија се придржуваат до законскате обврски за финансиската транспарентност ? IRI, FOSM.
Трајковски, И. (2019). Политичка социологија 2. Филозофски факултет - Скопје
Goati, V. (2007). Političke partije i partijski sistemi. CEMI
Marks, G., Attewell, D., Hooghe, L., Rovny, J., & Steenbergen, M. (2021). The Social Base of Political Parties: A New Measure and Survey. British Journal of Political Science.
Michels, R. (1959). Political parties. Dover Publications, Inc
Ware, A. (1996). Political parties and party systems. Oxford University Press